Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 15.03.2019

Полициски службеници на Секторот за внатрешни работи Тетово-Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар, во содејство со ПО Чегране, на 14.03.2019 во 6:45 часот извршиле претрес во домот и помошните простории на 42-годишниот Р. М. во гостиварското село Чајле. При претресот, реализиран со судска наредба, пронајден е пиштол „Глок‟ калибар 9 милиметри, што го поседувал со дозвола, ловечки карабин „Хајнел‟ калибар 30-06 со дозвола на друго име и вкупно 136 куршуми од различни калибри. Непосредно пред тоа, во дворот од соседната куќа, пронајдени се два пиштоли „ЦЗ‟ калибар 6,35 милиметри, револвер „Смит и Весон‟ калибар 45 милиметри, нож со футрола, 5 куршуми и батериска лампа

со полнач, а кои непознато лице ги фрлило од прозорец од куќата на Р. М. ( 42 ) додека тој бил приведуван од полициските службеници. Се работи на целосно расчистување на случајот.

На 14.03.2019 околу 14:50 часот, со судска наредба, приведен е 48-годишниот Б.Р. од тетовското село Палатица, осуден на двегодишна затворска казна за сторено кривично дело„ недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". По приведувањето Б.Р. предаден е во КПУ „Тетово" за издржување на затворската казна.

Во текот на изминатиот ден (14.03.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје преземени се мерки и активности и констатирано е дека 27 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 20 возачи од кои: пет возачи управувале возила под дејство на алкохол, 13 возачи без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и осум возила бидејќи шест биле нерегистрирани и две возила биле технички неисправни. Санкционирани се двајца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, 10 возачи поради неправилно престројување, еден возач поради неправилно престигнување, еден возач поради недавање првенство на минување на возила во зона на крстосница, двајца возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 23 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во текот на изминатиот ден издадени се 116 мандатни платни налози и 89 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле 13 сообраќајни незгоди во кои две лица се здобиле со тешки телесни повреди и девет лице поминале со телесни повреди.

На 14.03.2019 година во 11,00 часот во СВР-Скопје било пријавено дека на крстосницата од улицата "Џон Кенеди" и улицата "Кемал Сејфула" се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно моторно возило "Мерцедес актрос" со скопски регистарски таблици управувано од И.К.(44) од с.Петровец-скопско и патничко моторно возило "Пежо 307" со скопски регистерски таблици управувано од У.С.(36) од Кичево. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот У.С., а сопатничката од истото возило Ш.Ј.(33) од Кичево се здобила со телесни повреди констатирани од страна на лекар од Комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од страна на увидна екипа од СВР-Скопје и се работи на расчистување на случајот.

На 14.03.2019 година во 14,30 часот било пријавено дека во Струга на крстосницата од регионалниот пат М.Мост-с.Мислодежда и локалниот пат за

с.Ливада, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „Пежо“ со охридски регистерски таблици, управувано од Н.В.(56) од с.Драслајца-струшко, и патничко моторно возило “Мерцедес“ со охридски регистерски таблици, управувано од Л.С.(80) од с.Ливада-струшко. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Л.С., констатирани од страна на лекар од болницата „Свети Еразмо“-Охрид. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициската станица Струга и се работи на целосно расчистување на случајот.

На 14.03.2019 година во 19,30 часот на раскрсницата од булеваротот “Јане Сандански“ и улицата “Васко Карангелевски“, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило “Фолксваген Поло“ сопственост на МВР, а управувано од М.Г.(28) и патничко моторно возило “Пежо“ со скопски регистерски таблици управувано од Г.С.(37) од Скопје. Во незгодата со повреди се здобиле возачите и сопатниците од двете возила и истите со возило на Итна медицинска помош се пренесени во Комплексот клиники “Мајка Тереза“ каде им е пружена медицинска помош. Од страна на увидна екипа од СВР Скопје извршен е увид на местото на настанот а за незгодата известен е Одделот за внатрешна контрола и професионални стандарди кој превзема мерки од нивна надлежност.

На 14.03.2019 година околу 05,20 часот, од страна на патрола од Полициската станица за Граничен премин “Стење“ кај месноста „раскрсница за с.Стење“ било забележано патничко моторно возило џип “Мицибуши“ со бугарски национални ознаки управувано од А.В.(56) во Р.Албанија. По извршените проверки било констатирано дека тој остварил илегален влез во Р.С.М. поради што истиот бил приведен во Полициската станица за Граничен премин “Стење“ за понатамошна постапка.

На 14.03.2019 година во 18,25 часот во Полициската станица Центар З.Т.(58) од Скопје пријавил дека на 13.03.2019 година околу 12,30 часот на улицата “Самоилова“ бил каснат од куче-скитник во пределот на левата нога.

На 14.03.2019 година во 17,00 часот во Полициското одделение Петровец В.Н.(66) од с.Марино-скопско пријавил дека истиот ден околу 08,00 часот во с.Марино бил каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 14.03.2019 година од страна на полициски службеници од Единицата за потраги бил лишен од слобода В.А.(61) од Скопје кој се барал по наредба од Основен Суд Скопје 1 за издржување казна затвор за сторено кривично дело “тешка кражба“. Лицето било приведено во Полициската станица Гази Баба од каде било спроведено во КПУ затвор “Скопје“.

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против Д.Г. (35), поради постоење на основи на сомнение дека го сторил кривичното дело - "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". Имено, на 06.03. годинава, по претходно добиени оперативни сознанија за вршење на кривично дело, од страна на полициски службеници по добиена наредба за претрес на дом од Основен суд Скопје извршен е претрес во домот на пријавениот и пронајдена е марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против А.И.(71) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "предизвикување општа опсанот". Имено на 26.02.2019 година во времето од 08,30 до 10,30 на подрачје на Прилеп на место викано „Орушица", пријавениот, во нива сопственост на истиот, запалил трева, при што од силниот ветер, пожарот се проширил и ја зафатил викенд-куќата и помошната просторија, сопственост на З.А. кои целосно изгореле.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против В.Џ.(56) од село Добридол-Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "приредување на игри на среќа без лиценца односно без дозвола од надлежен орган". На 08.02.2019 година во село Добридол-Гостивар, од страна на полициски службеници при контрола во објект, сопственост на пријавениот, истиот бил затекнат како приредува и организира игри на среќа, без да поседува соодветна лиценца, односно дозвола издадена од надлежен орган. При тоа во наведениот објект биле пронајдени и одземени: куќиште од компјутер, телевизор, печатар за тикети, монитор за компјутер и пари.

На 14.03.2019 година во 14,00 часот во СВР-Скопје А.М.(39) од с.Грчец-скопско пријавил дека околу 09,00 часот, неговиот 12- годишен син бил физички нападнат од наставникот Б.Ј.. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 14.03.2019 година во 20,30 часот на автопатот Гевгелија-Скопје, во близина на клучка Миравци, од страна на полициски службеници, било запрено за контрола патничко возило „Алфа Ромео 155", а возачот и дел од патниците-мигранти, кои се превезувале во истото, се дале во бегство, додека во возилото биле пронајдени пет мигранти (еден од Авганистан и четворица од Пакистан). По преземени мерки и извршено пребарување на теренот, од страна на полициски службеници бил пронајден и приведен Е.Е. (41) од Скопје, по што тој и мигрантите биле предадени во Полициската станица за Граничен премин Богородица за понатамошна постапка. При преземање на службени дејствија, полицискиот службеник Л.М.(37) од Р.Чешка се здобил со повреда во пределот на раката и му била укажана

помош во клинички центар „Мајка Тереза" во Скопје. Јавната здравствена установа-Гевгелија. По документирање на случајот, ќе следат соодветни поднесоци.

Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,узурпација на недвижности" и ,,бесправно градење", полициската станица од Дебар, поднесе кривична пријава против М.Б.(65) од дебарското село Џепиште. Пријавениот, извршил узурпација на две катарстарски парцели, првата во месноста „Манастирец", покрај брегот на Дебарското езеро во сопственост на манастирот „Св Арахангел Гаврил" а втората во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со патишта. На узурпираните, вкупно 608 метри квадратни, тој изградил викендица. Со извршувањето на казнените дела, пријавениот се стекнал со противправна имотна имотна корист од 934,800 денари, МПЦ-ОА ја оштетил за 848.700 денари а Јавното претпријатие во износ од 86.100 денари.

На 14.03.2019 година во времето од 07.00-11.00 часот Полициската станица за безбедност во патниот сообраќај во СВР Штип спроведе засилена акциска контрола на автобуси и возила кои вршат јавен превоз на патници. Контролирани се 23 автобуси од кои кај 8 била утврдена техничка неисправност,односно 6 биле со неисправен уред за сопирање и 2 останати уреди. 8 возила се исклучени од сообраќај, упатени на вонреден технички преглед и издадени се прекршочни платни налози.

На 14.03.2019 година во 07,50 часот во Полициската станица Гази Баба М.С.(48) од Скопје, пријавила дека во Парк-шумата Гази Баба, додека го шетала своето куче била каснатa од куче-скитник во пределот на десната нога.

На 14.03.2019 година во 02 часот, пријавено е дека на улицата „Димитар Влахов" во Струга, А.Б.(37) од Струга, бил каснат од куче скитник.

Полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола на 14 март извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, сигурносен појас и светло. При контролата, констатирано е дека осум возачи управувале возило без возачка дозвола. Нерегистрирани биле шест возила и на мобилен телефон разговарале три возачи. Исто така, при контролата откриени се и други 19 прекршоци.

На 14.03.2019 година во 22,50ч.. во СВР-Скопје било пријавено дека на бул. "Партизански Одреди" во казино две лица со закана извршиле разбојништво и го одзеле дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14 март А. Ш (39) од с.Асамати во Полициска Станица Ресен пријави пожар во атарот на с.Асамати каде горела сува трска и поради силниот ветар огнот се движел кон с.Асамати. Интервенирано од страна на противпожарната единица Ресен и пожарот е изгаснат.

На 14.03.2019 година во ПС Гази Баба од Установата за згрижување на деца и младинци без родители СОС Детско Село пријавено е дека од установата самоволно се оддалечила нивната штитеничката М.С.(16), која повеќе пати самоволно се оддалечувала од установатаи била пронаоѓана и враќана од страна на полицијата. Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 14.03.2019 година во 16,55 часот на Граничниот премин "Деве Баир" од страна на пограничните полициски служби од ГКПП „Ѓуешево" од Р.Бугарија бил предаден Ц.Д.(30) од Р.Албанија кој на 11.03.2019 година нелегално ја поминал државната граница од Р.С. Македонија кон Р.Бугарија. Лицето било приведено во Полициската станица за Граничен премин "Деве Баир" и предадено на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против Н.Р.(47), Б.Р.(21) и Г.С.(37), сите од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "насилство". Имено на 13.03.2019 година околу 01,30 часот во Скопје во угостителски објект во трговски центар откако З.В. сопственикот на објектот, ја исклучил музиката, второ и третопријавениот, почнале да ги кршат чашите и шишињата од масата, по што физички го нападнале истиот. Потоа во нападот се приклучил и првопријавениот, при што на З.В. му нанеле тешки телесни повреди.

На 14.03.2019 год во 17,15 часот, на улицата „Прва Македонска ударна бригада" во Охрид се случила сообракајна незгода меѓу две возила по што нарушен е јавниот ред и мир во кој учествувале К.В.(31) и З.В.(59), двајцата од Охрид од една, и И.Ш.(23) од с.Мешеишта. Лицата се приведени во ПС ОН Охрид и се работи на расчистување на случајот.

На 15.03.2019 година во 03,40 ч. било пријавено дека на ул. "Иван Хаџиниколов" во Скопје две лица, со закана извршиле разбојништво и ги одзеле парите од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.03.2019 година во 15,15 часот во СВР-Скопје, било пријавено дека на булеварот "Трета Македонска бригада" во средно училиште за време на големиот одмор, Ф. А., А.М.и А.И., сите од село Копаница-скопско, заедно со

уште две лица физички ги нападнале М.И (19) и Б.М. (18), двајцата од село Батинци. На М.И. и Б.М. им е укажана лекарска помош во Градската општа болница „Свети Наум Охридски". Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 14.03.2019 година во 15,10 часот во ПС Кисела Вода вработена во Центарот за социјални работи на град Скопје пријавено е дека од установата се оддалечила С.Е.(17). Се превземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)